МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА

ЗА I ГОДИНА

СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

техничар за дизајн на облека

Скопје, 2005 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: *МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ОБЛЕКА*

1.2. Образовен профил и струка на која припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: *техничар за дизајн на облека*
1.2.2. Образование: *уметничко*

1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Предмет карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Прва година

1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно : 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен предмет

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Ученикот кој успешно ќе ја совлада наставната програма по предметот ***материјали за изработка на облека*** стекнува знаења и се оспособува:

- да ги дефинира основните поими за текстилот;
- да врши класификација на текстилните влакна според потеклото и составот;
- да ги познава основните особини на текстилните влакна;
- да ги разликува природните влакна според нивните карактеристични особини (изглед, боја, допир, должина, финост);
- да ги разликува влакната од растително и животинско потекло со метод на горење (мирис, чад, изглед, остаток);
- да ја сфати примената на природните влакна како суровина во текстилната индустрија;
- да го сфати значењето за производство на хемиски влакна;
- да ги познава карактеристичните особини на хемиските текстилни влакна;
- да ги разликува вештачките од синтетичките влакна според нивните карактеристични особини (изглед, боја, допир, должина, финост);
- да ги идентификува хемиските влакна со метод на горење (мирис, чад, изглед, остаток);
- да ја објаснува примената на хемиските влакна како суровина во текстилната индустрија;
- да развива способност за препознавање на текстилните влакна;
- да направи правилен избор на текстилни влакна за изработка на текстилен материјал за соодветна облека.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на наставните содржини и за постигнување на зацртаните цели по предметот ***материјали за изработка на облека*** потребно е ученикот да поседува знаења од *биологија и хемија* стекнати од основното училиште.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на часо-ви	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу темат. целини и меѓу предметите
1. ОСНОВНИ ПОИМИ ЗА ТЕКСТИЛОТ	**6**	Ученикот: - да ја сфати поврзаноста на текстилниот материјал и видот на облеката; - да ги дефинира основните поими за текстилот; - да ја разбере намената на текстилните материјали.	- Покажување од модни списанија на разни видови облека изведени од различни текстилни материјали; - покажување примероци од текстил за различни намени (за постелнина, мебел-штоф, килим, завеси и др.).	Обликување на облека; Теорија на обликувањето и дизајнот.
2. ТЕКСТИЛНИ ВЛАКНА И НИВНИТЕ КАРАКТЕРИС-ТИЧНИ ОСОБИНИ	**3**	- Да го дефинира поимот влакнеста материја како суровина во текстилната индустрија; - да ја сфати поделбата на текстилните влакна (природни и	- Укажување на поделбата на текстилните влакна; - покажување примероци од текстилни влакна со различни особини; - користење на збирка	Обликување на облека; Теорија на обликувањето и дизајнот.

		хемиски) како текстилни суровини; - да ги познава карактеристичните особини на текстилните влакна.	примероци од текстилни влакна и разни видови производи добиени од нив.	
3. ПРИРОДНИ ВЛАКНА ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО	**20**	- Да врши класификација на природните влакна; - да ги сфати карактеристичните особини на памучните влакна (должина, финост, јачина на кинење, издолжување, еластичност и други); - да ги препознава растителните влакна по изглед, боја и допир; - да ги познава најзначајните растенија од кои се добиваат растителни влакна од кора (лен, коноп и др.); - да ги споредува особините на растителните влакна од семе и од кора; - да ги распознава растителните влакна по нивните карактеристики (органски, колоритни, ткаење, допир, мирис); - да ја одредува примената на растителните влакна (памук, лен, коноп и др.) сами и во мешавина со други текстилни влакна;	- Демонстрирање на повеќе видови растителни влакна; - споредување на особините на растителните влакна (изглед, боја, допир и др.); - прикажување на слајдови и видеоснимки за одгледување, берење и обработка на различни видови ткаенини од природни влакна од растително потекло; - демонстрирање на разни видови облека изработена од текстилни материјали од растителни влакна.	Обликување на облека; Теорија на обликувањето и дизајнот.

		- да идентификува ткаенини за изработка на облека од растителни влакна.		
4. ЖИВОТИНСКИ ВЛАКНА	**20**	- Да го дефинира поимот ***волна***; - да ги опишува различните видови волна според начинот на добивање (рунска, табачка, регенерирана); - да разликува фина од груба волна по должина, финост, кадравост, допир и др.; - да ги препознава волнените влакна со метод на горење (мирис, чад, изглед и остаток); - да ја објасни појавата зафилцување (валање) и влијанието на другите особини врз квалитетот на волнениот производ; - да ги познава превентивните мерки при користење, одржување и чување на волнените производи; - да ја одредува примената на волната според особините; - да познава други влакна од животинско потекло (кашмир, мохер, камилхеа, ангорска волна); - да споредува волна со другите	- Покажува примероци од влакна и производи добиени од влакна од животинско потекло; - да ја објаснува постапката за користење на животинските влакна преку слајдови или видеоснимки; - ја објаснува постапката за добивање различни видови волна (рунска, табачка, регенерирана); - покажува примероци на фина и груба волна; - демонстрира методот на горење на волненото влакно; - укажува на влијанието на разни агенси врз особините на волнените влакна; - ја истакнува примената на волнените влакна сами и во мешавина со други; - презентира примероци	Обликување на облека; Теорија на обликувањето и дизајнот.

		видови влакна од животинско потекло; - да ја познава примената на животинските влакна за изработка на облека и различни делови од облека; - да го дефинира поимот ***свила***; - да го познава начинот на одгледување на свилената буба; - да го познава начинот на добивање на свилено влакно; - да разликува ткаенини од свила; - да ја познава примената на свилените влакна за изработка на материјали за облека.	на влакна од други животни и укажува на нивните својства и примена; - ги објаснува на начините за добивање природно свилено влакно и негова обработка; - покажува примероци на сурова и дегумирана свила; - ги објаснува својствата на свилените влакна и нивната примена како сами и во мешавина со други видови текстилни влакна; - демонстрира различни видови облека изработени од животински влакна (волна и природна свила).	
5. ХЕМИСКИ ВЛАКНА	**23**	- Да го сфати значењето на хемиските влакна и нивната поделба; - да ги споредува карактеристичните особини на хемиските влакна со особините на природните влакна;	- Објаснува за значењето и поделбата на хемиските влакна; - покажува вештачки хемиски влакна со различни својства; - користи збирка	

		- да го истакнува значењето на ***вештачките целулозни влакна*** и нивните карактеристични својства; - да ја одреди примената на вискозните влакна за изработка на конкретни текстилни материјали; - да идентификува вештачки влакна со метод на горење; - да ги познава начините на формирање ***синтетичките влакна***; - да ги познава општите особини на синтетичките влакна; - да го согледува значењето и примената на синтетичките влакна за изработка на текстилни материјали за облека; - да ги познава особините и примената за изработка на текстилни материјали за облека од: полиакрилонитрилни (ПАН), полиамидни (ПА), полиестерски (ПЕ), полиадициски (перлон У-еластомери) и др. синтетички влакна)	примероци од вештачки хемиски влакна и разни видови производи што можат да се добијат од нив; - укажува на карактеристичните особини и примената на синтетичките влакна; - покажување примероци од синтетички влакна и текстилни материјали изработени од нив; - презентира облека изработена од хемиски влакна.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** наставникот применува современи наставни методи со кои на ученикот ќе му даде можност да биде активен учесник во наставата преку изведување наставата во училница, преку проекти, поврзување со заедницата или активности на работни места. Овие методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови и индивидуално и користење на современи наставни средства и помагала.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: планира, се подготува за часот, објаснува, демонстрира, опишува, поставува прашања, споредува, ги користи претходно стекнатите знаења на ученикот, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во: слушање, дискутирање, прибележување, користење на сопствените претходно стекнати знаења, набљудување, споредување, изработување домашни задачи, читање и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** се реализира преку стручно-теоретска настава во специјализирана училница, односно кабинет-училница, опремена со наставни средства и помагала. Образовните активности се организирани во двеполугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, телевизор и ЦД- проектор, шеми, слики,

видеоснимки, кои ги третираат одгледувањето и добивањето на природните влакна, мостри од природни и хемиски влакна, каталози и други наставни средства и помагала.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала по ***материјали за изработка на облека,*** наставни материјали подготвени од страна на наставникот и дополнителна литература за наставникот

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на секоја тематска целина. Секој ученик во текот на едно полугодие треба да добие најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот по наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***материјали за изработка на облека*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- технологија- текстилна насока;

и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор за наставниот предмет

Наставата по наставниот предмет ***материјали за изработка на облека*** се реализира во специјализирана училница, односно кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: јули 2005 година

7.2. Носител на изработката –институција: Биро за развој на образованието

7.3. Состав на работната група:

1. Ратка Јаневска, советник, Биро за развој на образованието-Скопје
2. Петре Нанески , советник, Биро за развој на образованието-Скопје
3. Лира Грабулоска, наставник, дипломиран сликар-костимограф, ДСУПУ ,,Лазар Личеноски” -Скопје
4. Величе Цветановски, директор, дипломиран текстилен инженер, ДСУ ,,Кочо Рацин” -Скопје

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на примена: 1. 09. 2005 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***материјали за изработка на облека*** ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 11-4323/1 од 28.07. 2005 година.